**20240731555**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 март 2024 година, донесе

# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЧЕТВРТАТА ГОДИШНИНА ОД ЧЛЕНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО И СЕДУМДЕСЕТ И ПЕТТАТА ГОДИШНИНА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА АЛИЈАНСАТА

Поаѓајќи од остварената стратешка определба на Република Северна Македонија за членство во НАТО и напорите за остварување на стратешката цел за европска интеграција.

Нагласувајќи го значењето на демократските процеси, индивидуалните слободи и права, како и на колективните одговорности кои имаат витална улога во остварувањето на заедничките цели и интереси и промовирајќи ги заедничките споделени вредности со останатите членки на Алијансата.

Повикувајќи се и на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во НАТО од 1993 година, Декларацијата за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО од 2004 година, Декларацијата за барање поддршка за прием на Република Македонија во НАТО од 2007 година, Декларацијата за реафирмирање на определбата за реализација на стратешката цел за членство на Република Македонија во НАТО од 2012 година, Декларацијата за забрзување на реформските и интегративни процеси за зачленување на Република Македонија во Европската Унија и НАТО од 2017 година и Декларацијата за поддршка на пристапниот процес за членство на Република Македонија во НАТО од 2018 година, донесени од Собранието.

Потпирајќи се на континуираната и непроменетата, безрезервна и широка консензуална општествена поддршка за обезбедување на попросперитетна, побезбедна и посигурна иднина на граѓаните како основа за повеќедеценсикиот активен придонес и делувањето на извршната и законодавната власт за стапување во членство во НАТО и извршување на договорните обврски кои произлегуваат од членството.

Поздравувајќи го 75 годинишниот јубилеј на Алијансата создадена по Втората светска војна како инструмент во поддршка на мирот и стабилноста на евроатланската област.

Јакнејќи ги и унапредувајќи ги механизмите за соработка со соседите, членките и партнерите и притоа интегрирајќи ја националната, регионалната и пошироката општествена стабилност и безбедност.

Работејќи во правец на исполнување на преземените мерки во насока на исполнување на обврските, политиките и заложбите на НАТО содржани во Декларацијата од претходните Самити на Алијансата, потврдени на Самитите во Мадрид и во Вилнус.

Имајќи предвид дека членството во НАТО е континуиран процес кој побарува посветеност, работа и резултати на Сојузот во остварувањето на мирот, безбедноста и политиките на одвраќање и одбрана.

Свесни за одговорноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во НАТО и придонесот во остварувањето на колективната одбрана, управувањето со кризи и придонесот во кооперативната безбедност на Алијансата.

Поздравувајќи го посветениот ангажман на земјата кон промовирање на атмосфера и политика на регионална стабилност, како клучен двигател за безбедноста и просперитетот на сите земји од Западен Балкан и индиректно на европскиот континент, во светло на актуелните безбедносни предизвици.

Целосно потврдувајќи ја определбата за изнаоѓање модалитети во рамките на Алијансата за справување со заканите на автократиите кон современиот либерално-демократски поредок.

Стоејќи одговорно пред обврските кои произлегуваат од Стратегискиот концепт на Алијансата од 2022 година.

Согласни со обврската за стабилно и долгорочно финансирање на трошоците во одбраната согласно со препораките од Самитот во Велс и реафирмираната посветеност од Самитот во Вилнус за континуитет во Заложбата за инвестирање во одбраната.

Цврсто одлучни успешно да ги спроведуваме реформските процеси и да ги достигнеме највисоките демократски стандарди, со цел да продолжиме да ја градиме Република Северна Македонија во модерна европска демократија, активен и почитуван сојузник и посакуван партнер за соработка во меѓународните односи и фактор на стабилност во поширокиот регион.

Повторувајќи ја едногласната осуда на неиспровоцираната агресија на Русија врз Украина, како директна повреда на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет и најгрубо кршење на клучните меѓународни норми и принципи.

Во пресрет на јубилејната 75 годишнина од основањето на Алијансата како потврда за опфат на сите преземени мерки во насока на исполнување на обврските, политиките и заложбите на НАТО содржани во Декларациите од Самитите на Алијансата, Собранието на Република Северна Македонија:

1. Го реафирмира широкото општествено единство за остварување на државната стратешка определба за членство во НАТО кое доведе до полноправно членство во 2020 година и овозможи историски најбрза воена интеграција во Алијансата за период од 19 месеци;

2. Ја потенцира важноста на нашето членство во НАТО во услови на изразени регионални и глобални ризици по стабилноста и безбедноста и истакнува дека истото позитивно влијае на севкупната политичка и економска ситуација во државата, преку намалување на безбедносните и политичките ризици и охрабрување на домашните и странските инвестиции;

3. Ја поздравува определбата на Министерството за одбрана, врз основа на Стратегискиот одбранбен преглед од 2018, Стратегијата за одбрана од 2020 година, за изградба на мала мобилна, високомотивирана и подготвена армија, согласно со барањата и препораките на Алијансата, како и препознаениот успех во хармонизацијата на националниот процес со НАТО процесот на одбранбено планирање;

4. Го поддржува спроведувањето во континуитет на одбранбените реформи во правец на постигнување на Целите на способности и постигнување на повисоко ниво на интероперабилност;

5. Го поддржува инвестирањето во подигнувањето на стандардот на припадниците на Армијата и на вработените во Министерството за одбрана, во насока на задржување на постојниот квалитетен персонал и привлекување нов персонал;

6. Ја поддржува определбата за исполнување на нивото на амбиции за учество во НАТО водени операции, како и соодветен напор и споделување на товарот со сојузниците преку исполнување на заложбите за зголемување на безбедноста и стабилноста во регионот;

7. Го поздравува придонесот во останатите НАТО активности, како што се Истурената предна одбрана и активностите на зајакната будност во рамки на пристапот од 360 степени на одвраќање и одбрана и подготвеност за исполнување на обврските во постигнување на потребното ниво на подготвеност и готовност, придонес во фамилијата на планови и новиот борбен концепт преку поддршка со сили во рамки на Новиот модел на сили на Алијансата, вклучително и соодветно пополнување на националните позиции во рамки на НАТО командите и структурата на сили;

8. Позитивно го нотира континуираното зголемување на буџетот во одбраната, кој овозможува развој на одбранбените капацитети на Армијата и внесува динамика, особено актуелното издвојување средства за одбраната од 2,05% од БДП во 2024 година, од кои една третина за процес на модернизација и опремување, во согласност стандардите за земјите-членки на НАТО;

9. Го поддржува придонесот во јакнењето на капацитетите за одвраќање и одбрана на Алијансата, преку придонес со сили и способности во Новата структура на сили и идното распоредување персонал во три од осумте групи на Алијансата во Летонија, Романија и во Бугарија и нашиот домашен придонес во рамките на воената вежба Брз одговор 22, како јасен показател за нашата подготвеност и нивото на интероперабилност за соработка со останатите армии во рамките на Алијансата;

10. Ја потврдува посветеноста кон јакнење на мирот, стабилноста и безбедноста преку придонесот во превенцијата на и управување со кризи, преку продолжување на конкретниот придонес во НАТО операцијата КФОР во Косово и во НАТО мисијата во Ирак;

11. Го вреднува постигнатото и ја потврдува определбата за стабилно долгорочно планирање и поддршка во остварување на заложбите за реформи во одбраната, со инвестирање во опремување и модернизација на Армијата, како услов за соодветно планирање и остварување на Целите на способности;

12. Изразува безрезервна поддршка во заложбата за минимизирање на дневнополитичките влијанија и злоупотреба на авторитетот и довербата на граѓаните кои ја имаат во Армијата, преку процес на деполитизација на одбраната и Армијата и јакнење на цивилната и демократската контрола врз вооружените сили;

13. Доследно ја почитува одлуката за осуда на агресијата на Русија врз Украина и ја поздравува одлуката на Владата на Република Северна Македонија да се приклони кон спроведувањето на санкциите и имплементација на рестриктивните мерки на демократскиот и прогресивен свет наметнати кон Русија;

14. Повторно ја потврдува својата согласност кон заедничката одлука на Парламентарното собрание на НАТО за операционализација на заложбите кон одбрана на споделените демократски вредности преку основање Центар за демократска отпорност во седиштето на НАТО;

15. Оваа Декларација да се достави до генералниот секретар на НАТО, до претседателот на Парламентарното собрание на НАТО, до претседателите на парламентите на земјите-членки на НАТО, како и до амбасадорите на земјите- членки на НАТО во Република Северна Македонија и

16. Оваа Декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2148/1
28 март 2024 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.